# КУЌЕН РЕД НА
# ООУ„ИЛИНДЕН“-КРИВА ПАЛАНКА

**Јануари, 2023**

Општинско основно училиште „Илинден“ Крива Паланка
ул. „Наско Тамбурков“ бр. 80, 1330 Крива Паланка
тел/факс: 031/375-078
e-mail: ouilinden@yahoo.com
www.oouilinden.edu.mk

# Куќен ред на ООУ„Илинден”
# Крива Паланка

**Со куќниот ред се регулира редот, дисциплината и односите помеѓу учениците и наставниците, како и самиот наставен процес во училиштето**

- **Работниот ден во училиштето започнува во 6:30 часот.**
- **Училиштето работи во една смена;**
- **Работното време за наставниците започнува во 7:30 часот, а наставата започнува во 8:00 часот;**
- **Наставниците на работа доаѓаат 20 минути пред започнувањето на наставата, а дежурните наставници 30 минути пред започнување на наставата;**
- **Наставникот своето отсуство од работа го најавува, односно поднесува барање до директорот на училиштето;**
- **Наставникот е должен да присуствува на сите состаноци на училиштето;**
- **Наставниците се должни да креираат пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во училницата, да ја стимулираат работата во училиштето, поттикнувајќи го талентот, креативноста и инвентивноста кај учениците;**
- **Наставниците се должни објективно да го вреднуваат знаењето на учениците;**
- **Наставникот се обврзува редовно да работи на своето професионално усовршување;**
- **Наставникот е должен редовно и навреме да ги информира родителите за постигањето, однесувањето и редовноста на учениците преку родителски средби и отворените денови во училиштето;**
- **Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава и тоа најдоцна 10 минути пред почнувањето на наставата;**
- **За секое отсуство ученикот треба да приложи писмена потврда;**
- **За неоправдано отсуство и доцнење следуваат законски педагошки мерки;**

- **По завршување на наставата учениците ја напуштаат училишната зграда, освен во случај на вонаставни активности;**
- **Сите потреби од административен карактер учениците ги остваруваат исклучиво преку одделенските раководители (потврди, молби, жалби и сл.);**
- **Додека трае часот, забрането е излегување од часот и шетање низ ходници за да не се наруши текот на наставата;**
- **Учениците и наставниците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите, освен за потребите на наставата;**
- **Во училиштето се забранети физичко, психичко и злоупотреба и занемарување на ученикот;**
- **Да се избегнува секаква дискриминација заснована врз национална припадност, пол и религија;**
- **Во училиштето се почитува личноста на учениците, наставниците и родители и останатите вработени;**
- **Во комуникацијата со другите да се покажува почитување и толеранција;**
- **Да се негува другарството, искреноста и праведноста;**
- **Секој со својот личен пример треба да го афирмира и унапредува училиштето;**
- **Учениците и наставниците треба да воспостават позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часовите;**
- **Ученикот е одговорен да има одговорен однос спрема средствата, инвентарот и другите материјални добра;**
- **Средствата на училиштето и потрошниот материјал да се користи само за службени (училишни) потреби а не за приватни и лични потреби и проекти;**
- **Никој од субјектите во училиштето несмее да го уништува имотот во училиштето, да внесува лица од надвор без причина и да внесува супстанции (дрога, алкохол, запаливи средства и други предмети) со кои би го загрозил здравјето и безбедноста на учениците и вработените;**
- **Секоја намерно направена штета во училницата или училиштето воопшто, се надоместува од страна на сторителот;**

- **Учениците треба своите лични работи да ги носат со себе и тие се одговорни за истите;**
- **За хигиената во училиштето и училишниот двор се одговорни самите ученици и вработени и истата мора да биде на високо ниво;**
- **Строго се забранува пушење во училиштето;**
- **Учениците во училиштето кои се истакнуваат со својата работа, успех и поведение, ќе бидат пофалени и наградени;**
- **Пофалбите и дипломите на наградените ќе им бидат доделувани на крајот на наставната година;**
- **Јавност и транспарентност во работата на училиштето со навремено и објективно информирање на родителите, учениците и вработените;**
- **Вработените, учениците и родителите треба во училиштето да доаѓаат пристојно облечени;**
- **Учениците и наставниците треба да ги почитуваат законските одредби и одлуките на органите на училиштето;**
- **Секој е должен да го почитува куќниот ред на училиштето.**

в.д. Директор
Лорета Димитровска

____________________________

ООУ„Илинден“
Крива Паланка

Председател на Училишен одбор
Благородна Стојнева

____________________________